**МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП**
**<u>Прилеп, 22.10.2015</u>**

Врз основа на член 27 од Статутот на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп, Собранието на акционери на седницата одржана на 22 октомври 2015 година, ја донесе следната:

**П Р Е Д Л О Г   О Д Л У К А**
**За избор на член на Одборот на Директори**

**Член 1**

Собранието на акционери на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп го избира Г-дин Божидар Матчев, граѓанин на Софија, Република Бугарија, роден на 15 април 1969 година во Гоце Делчев, Република Бугарија, за неизвршен член на Одборот на Директори на Друштвото.

Собранието на акционери на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп го назначува Г-дин Божидар Матчев за независен член на Одборот на Директори на Друштвото.

Со назначувањето на новиот независен член, му престанува функцијата на досегашниот независен член на Одборот на Директори на Друштвото Г-дин Марк Ричард Џејкобсон, кој ќе продолжи да ја извршува само функцијата на неизвршен член на Одборот на Директори на Друштвото.

**Член 2**

Новата структура на Одборот на Директори на Друштвото е следната: Г-дин Теодорос Малфас – Главен Извршен Директор, Г-ѓа Јасна Ажиевска Петрушева – Извршен директор, Г-дин Георги Димитров - Неизвршен член на Одборот на Директори и Претседател на Одборот на Директори, Г-дин Марк Ричард Џејкобсон - Неизвршен член на Одборот на Директори, Г-дин Божидар Матчев – Независен и Неизвршен член на Одборот на Директори и Г-дин Венцеслав Петров Аврамов - Неизвршен член на Одборот на Директори.

**Член 3**

Пријава за упис на новоименуваниот член на Одборот на Директори во трговскиот регистар поднесува Извршниот директор на Друштвото.

**Член 4**

Друштвото ќе му исплаќа на г. Божидар Матчев фиксен нето годишен надоместок во износ од 1,200 Евра, кој ќе се исплаќа квартално, плус дополнителен износ од 300 Евра за секој состанок во случај да се одржат повеќе од четири состаноци на Одборот на Директори на годишно ниво, како и надомест за патни и други трошоци настанати поради присуство на состаноците на Одборот на Директори.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува со сила со денот на донесувањето.

**Претседавач на Собранието**

___________________________